Врз основа на член 418 став 3 од Законот за трговски друштва (Службен весник на Република Македонија бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016 и 61/2016) и одредбите од Статутот на Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ -ТО АД Скопје („Друштвото"), Надзорниот одбор на Друштвото на својата седница одржана на 19.07.2023 година утврдува Пречистен текст на Статутот на Друштвото.

С Т А Т У Т

на Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија

ТЕ - ТО АД СКОПЈЕ

- пречистен текст -

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Овој Статут е акт со кој се основа Друштвото како акционерско друштво и истовремено претставува основен општ акт со којшто се уредуваат односите, организацијата и функционирањето на Друштвото.

Со овој Статут се утврдува: фирмата, седиштето, предметот на работење, висината на основната главнина, номиналниот износ на акциите, бројот на акциите, организацијата, управувањето и раководењето на Друштвото, составот и начинот на избор на членовите на Надзорниот одбор и Управниот одбор, постапката за свикување и одржување на Собранието на Акционери, формата и начинот на објавувањата што ги врши Друштвото, начинот на престанок на Друштвото и други прашања кои се од значење за Друштвото.

Покрај одредбите од ставот 2 на овој член, Статутот содржи и одредби за прашањата што, во согласност со Законот за трговските друштва се уредуваат со Статутот, а може да содржи и други одредби значајни за Друштвото, што не се забранети со закон.

Член 2

Друштвото е правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со закон и со овој Статут.

Член 3

Друштвото е основано на неопределено време.

II. ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО

Член 4

(1) Друштвото работи и учествува во правниот промет под фирмата:

Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје.

(2) Скратена фирма на Друштвото гласи: ТЕ-ТО АД Скопје

Член 5

Седиштето на Друштвото е во Скопје, на улица: „Тодор Александров" бр.8.

III. ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ

Член 6

(1) Друштвото има свој печат и штембил.

(2) Со одлука од страна на Управниот Одбор на Друштвото се утврдува измена, чување, замена, уништување, број, вид, големината и дизајнот на печатот.

(3) Со печатот и штембилот ракуваат само овластени лица со одлука на Управниот одбор кои се одговорни за нивна правилна употреба.

Член 7

(1) За промена на фирмата и седиштето на Друштвото одлучува Собранието на Акционери на Друштвото.

IV. ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

Член 8

(1) Друштвото ќе ги врши сите дејности, вклучително и оние за кои е потребно претходно одобрение од надлежните државни или други органи, по добивање на таквото одобрение. Во надворешно-трговскиот промет, Друштвото ќе ги врши сите дејности, вклучително и оние за кои е потребно претходно одобрение од надлежните државни или други органи, по добивање на таквото одобрение.

(2) Друштвото може, без претходен упис во Трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Македонија, да врши и други деловни активности кои се потребни за вршење на предметот на работење или кои произлегуваат од предметот на работење на Друштвото, дури и да не спаѓаат непосредно во рамките на вршењето на работите од предметот на работење на Друштвото.

(3) Листата подолу ги содржи сите дејности на Друштвото за целите на вршење на предметот на работење на Друштвото кои, доколку е потребно согласно применливите закони, ќе бидат запишани во релевантните регистри: дистрибуција на топлинска енергија, продажба на топлинска енергија, безбедност, трговија со електрична енергија, трговија со гас, поправка на производна опрема и топлинска мрежа, услуги, транспорт, како и организациски услуги за продажба на стоки и услуги.

(4) Претежните дејности на Друштвото се:

- Производство на електрична енергија
- Производство на топлинска енергија

Шифра 35.11

со ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС.

Член 9

За намалување или проширување на предметот на работење на Друштвото, одлучува Управниот одбор на Друштвото со претходно одобрение на Надзорниот одбор.

V. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

Член 10

(1) Акционерите своите права и интереси ги остваруваат на Собранието на Акционери.

(2) На секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот, му припаѓа право на учество во работата на Собранието на Акционери и право на глас.

(3) Членовите на Управниот и Надзорниот одбор можат да учествуваат во работата на Собранието на Акционери без право на глас, освен ако не се акционери.

Член 11

(1) Собранието на Акционери на Друштвото одлучува само во случаи изрично утврдени со закон или со статутот, а особено за:

а) измена на статутот;

б) одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;

в) избор и отповикување на членовите на Надзорниот одбор;

г) одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото на членовите на Управ[redacted]

в) другите процедурални формалности пропишани со статутот што се од значење за присуството на Собрание на Акционери и за начинот на гласање;

г) дневниот ред според кој ќе работи Собрание на Акционери и

д) начинот на којшто се достапни материјалите за Собрание на Акционери коешто е свикано.

Член 15

(1) Собранието на Акционери може да одлучува само за прашања коишто се уредно ставени на дневен ред. Собранието на Акционери може исто така, да расправа, без право на одлучување и за прашања коишто не се уредно ставени на дневен ред.

(2) Секој акционер има право во било кое време да поднесува иницијатива за вклучување точки во дневниот ред на Собранието на Акционери коешто ќе биде свикано.

(3) Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка. Предлагањето точки на дневен ред друштвата можат да го овозможат да се врши со електронски средства.

(4) Акционери кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Собранието на Акционери на Друштвото. Предлагањето одлуки друштвата можат да го овозможат да се врши со електронски средства.

(5) Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на Собранието на Акционери коешто е свикано и/или предлагањето на одлуки за усвојување се испраќа до органот на управување кој го свикува Собранието на Акционери или до лицето определено од судот да свика Собрание на Акционери и тоа во рок од осум дена од денот кога е испратена поканата или од денот кога е објавен јавниот повик за учество на Собранието на Акционери.

Член 16

(1) Во работата на Собранието на Акционери на Друштвото можат да учествуваат акционери кои го пријавиле своето учество во Собрание на Акционери најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание на Акционери.

(2) Пред секоја седница на Собрание на Акционери на Друштвото, Управниот одбор, или лицето овластено за свикување на Собрание на Акционери, составува листа (список) на акционери, кој се става на увид во седиштето на Друштвото.

(3) Пред почетокот на одржувањето на Собранието на Акционери, Управниот одбор или лицето овластено за свикување на Собрание на Акционери, го споредува списокот на пријавените акционери според состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност четириесет и осум часа пред одржувањето на седницата на Собранието на Акционери.

(4) Пред почетокот на одржувањето на Собранието на Акционери, списокот од став 3 го потпишуваат сите присутни акционери или полномошник на акционер, со што го

верификуваат своето присуство на Собранието на Акционери. Потпишаниот список со свој потпис го заверуваат претседавачот со Собранието на Акционери и записничарот. По заверката на списокот претседавачот со Собранието на Акционери го констатира кворумот за работа.

Член 17

(1) Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седница на Собрание на Акционери на Друштвото.

(2) Полномошното има важност се до неговото отповикување, но не подолго од две години од денот на неговото издавање. Полномошното се дава во писмена форма и заверено на нотар.

(3) Друштвото не смее да ги ограничува лицата да бидат полномошници на Собрание на Акционери, освен кога кај нив постои состојба на конфликт на интерес во смисла на ставот (4) од овој член.

(4) Состојба на конфликт на интерес постои кога има ризик лицето да има интерес поинаков од интересот на акционерот од кого добило овластување да биде негов полномошник, а особено во случај кога лицето е:

1. член на органот на управување, односно член на органот на надзор на Друштвото, вклучително и членовите на неговото потесно семејство;
2. раководно лице во Друштвото или член на неговото потесно семејство;
3. член на органот на управување, односно на органот на надзор, вработен или овластен ревизор на поврзани или зависни друштва со Друштвото, вклучително и членовите на неговото потесно семејство;
4. застапник по закон или друго овластено физичко лице од друштво или од друго правно лице што е во сопственост на Друштвото и
5. вработен или овластен ревизор во Друштвото.

(5) Во случај кога постои конфликт на интерес во смисла на одредбите од ставот (4) на овој член, лицето не може да биде полномошник.

(6) По исклучок од ставот (5) на овој член правни лица можат да овластат со полномошно лице кое е член на нивен орган на управување или е вработен кај нив, да учествува и да гласа на седница на Собрание на Акционери.

Член 18

(1) Собранието на Акционери на Друштвото може да работи (кворум за работа), ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на Собрание на Акционери кои поседуваат повеќе од 50 % од вкупниот број на акциите со право на глас.

(2) Ако на Собранието на Акционери на Друштвото не се обезбеди кворум за работа, за време не подолго од петнаесет дена од денот за којшто е закажано одржувањето на Собрание на Акционери кое немало кворум за работа, се закажува нов термин за одржување на Собранието на Акционери. Новиот термин за одржување на презакажаното Собрание на Акционери се објавува на начин на кој што е објавено свикувањето на Собранието на Акционери кое што немало кворум за работа.

(3) Учеството на презакажаното Собрание на Акционери повторно не се пријавува. Потпишаниот список од присутните акционери или полномошници, го заверува претседавачот со Собранието на Акционери и записничарот, а по заверката на записникот, претседавачот со Собранието на Акционери го констатира кворумот.

(4) На презакажаното Собрание на Акционери може да се одлучува само по прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување на Собранието на Акционери без оглед на бројот на присутните акционери и бројот на акциите што ги имаат. На презакажаното Собрание на Акционери не може да се одлучува за прашања за коишто се одлучува со поголемо мнозинство од кворумот од став 1 на овој член.

Член 19

(1) Собранието на Акционери на Друштвото одлуките ги донесува со мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието на Акционери, освен ако со закон или со овој Статут не е предвидено поголемо мнозинство.

Член 20

(1) На седниците на Собранието на Акционери на Друштвото се гласа јавно.

(2) За сите избори на член или членови на Надзорниот одбор или за негово или нивно отповикување, гласањето се врши јавно.

(3) Акционерите можат да гласаат на свикано Собрание на Акционери преку телефон или преку друго соодветно електронско средство, коешто е дел од јавна комуникациска мрежа и преку којашто може на сигурен начин да се утврди идентитетот на секој акционер, правото на глас, начинот на воспоставување на комуникациска врска меѓу Друштвото и акционерите и тоа така што гласањето ќе биде достапно на секој акционер и ќе може со сигурност да се евидентира извршеното гласање. Акционерот кој гласа преку телефон или друго електронско средство се смета за присутен на Собранието на Акционери и го сочинува кворумот за работа и за одлучување на Собранието на Акционери.

Член 21

(1) Одлуките на Собранието на Акционери влегуваат во сила со денот на донесувањето, освен ако во одлуката не е утврден друг датум на влегување во сила.

Член 22

(1) Секој акционер може на Собранието на Акционери на Друштвото да бара известување за состојбата на Друштвото и за неговите односи со другите друштва, ако таквото известување е поврзано со точките на дневниот ред на Собранието на Акционери.

(2) Акционерот на кој му е ускратено известувањето може да побара неговото прашање и барање и причините поради кои му е ускратено известувањето да бидат внесени во записникот од расправата.

(3) Акционерот кој нема добиено известување може да бара заштита на своето право на известување од судот. Предлогот се поднесува во рок од петнаесет дена од денот на одржување на Собранието на Акционери.

Член 23

(1) Со седницата на Собранието на Акционери претседава претседавачот со Собранието на Акционери, кој го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата на Собранието на Акционери.

(2) Претседавачот со Собранието на Акционери се избира за секое одделно Собранието на Акционери.

(3) Мандатот на претседавачот со Собранието на Акционери трае до изборот на претседавачот на наредното Собранието на Акционери коешто треба да биде одржано.

(4) За претседавач со Собранието на Акционери може да биде избран секој акционер или лице кое застапува акционер. За претседавач со Собранието на Акционери не може да биде избран член на управен или надзорен одбор.

Член 24

(1) За работата на Собранието на Акционери на Друштвото се води записник што содржи податоци за:

а) фирмата и седиштето на Друштвото;

б) датумот, времето и местото на одржувањето на Собранието на Акционери на Друштвото;

в) името на претседавачот со Собранието на Акционери, името на записничарот и [illegible]

VI. УПРАВЕН ОДБОР И НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 25

(1) Управувањето со Друштвото се организира според двостепениот систем, а органи на Друштвото се:

Управниот одбор и Надзорниот одбор.

(2) Управниот одбор управува со Друштвото и во тие рамки го води работењето на Друштвото под сопствена одговорност.

УПРАВЕН ОДБОР

Член 26

(1) Управниот одбор се состои од 4 члена, избрани од Надзорниот одбор.

(2) За членови на Управен одбор може да бидат избрани само физички лица кои се деловно способни.

(3) Надзорниот одбор може да го разреши претседателот на Управниот одбор во кое било време и да именува нов член.

(4) Ни едно лице во исто време не може да биде член на Управен одбор и член на Надзорен одбор.

(5) Претседателот на Управниот одбор ги свикува состаноците и претседава со нив и е одговорен за водењето на записникот од состаноците и за организацијата на други форми преку коишто Управниот одбор работи и одлучува.

(6) Ако претседателот од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или ако е отсутен, со состаноците на Управниот одбор претседава член на Управниот одбор именуван од Надзорниот одбор.

Член 27

(1) Членовите на Управниот одбор се именуваат за време од 4 години.

(2) Членовите на Управниот одбор можат повторно да бидат избрани, без разлика колку мандати претходно биле избрани.

Член 28

(1) Член на Управен одбор не може да биде избран за член на Управен одбор во други акционерски друштва со седиште во Република Македонија.

(2) Член на Управен одбор може да биде избран за член на Надзорен одбор најмногу во пет други акционерски друштва со седиште во Република Македонија.

Член 29

(1) Управниот одбор може да работи и да одлучува ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови.

(2) Управниот одбор ги донесува одлуките со мнозинство гласови од кворумот потребен за негова работа.

(3) Гласот на претседателот на Управниот одбор, а во негово отсуство – на претседавачот кој е овластен од Надзорниот одбор да го заменува, е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.

(4) Одлуките на Управниот одбор влегуваат во сила со денот на нивното донесување, ако со закон или со одлуката не е поинаку определено.

Член 30

(1) Управниот одбор покрај правата и обврските утврдени со законот ги врши и следниве работи:

а) ги донесува актите на Друштвото, освен актите што со закон се утврдени во надлежност на Собранието на Акционери на Друштвото или на Надзорниот одбор.

б) ја утврдува деловната политика на Друштвото и се грижи за нејзиното спроведување;

в) ги утврдува предлозите на одлуките за кои одлучува Собранието на Акционери на Друштвото освен оние за кои е надлежен Надзорниот одбор;

г) одлучува за именување и разрешување на лицата носители на раководни функции во Друштвото;

д) одлучува за внатрешната организација на Друштвото и го утврдува бројот на лицата што се потребни за вршење на дејноста на Друштвото, како и нивните квалификации;

ѓ) одлучува по приговори како второстепен орган;

е) донесува одлука за попис на основни средства, ситен инвентар и др.

ж) го усвојува извештајот за попис;

з) донесува одлуки за набавка на трајни средства за работење на Друштвото;

ѕ) врши и други работи утврдени со овој статут.

Член 31

(1) Управниот одбор управува со Друштвото и во тие рамки го води работењето на Друштвото.

(3) Управниот одбор заради извршување на своите овластувања го назначува претседателот на Управниот одбор да го застапува Друштвото пред трети лица и да го врши секојдневното работење на Друштвото во согласност со одлуките, насоките и налозите на Управниот одбор.

(4) Претседателот на Управниот одбор има право со полномошно заверено на нотар, привремено да му пренесе на трето лице, целосно или делумно овластување на

претседател на Управниот одбор, во рамките утврдени со Законот за трговските друштва и Статутот.

Член 32

(1) Управниот одбор со претходно одобрение на Надзорниот одбор, одлучува за:

а) Престанување или пренос на Друштвото или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на Друштвото;

б) Намалување или проширување на предметот на работењето на Друштвото;

в) Суштествени внатрешни организациони промени на Друштвото што се определуваат со акт на Друштвото;

г) воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за Друштвото или негово престанување;

д) основање и престанување на трговско друштво што учествува со над една десеттина во основната главнина на Друштвото; и

ѓ) основање и престанување на подружници на Друштвото;

Член 33

(1) Членовите на Управниот одбор имаат право на плата или месечен надомест, право на осигурување на живот и на друг вид на осигурување на надоместок на патни и други трошоци и други права.

(2) За работата на членовите на Управниот одбор, Собранието на Акционери може со одлука да им одобри учество во добивката. Учеството, по правило, се состои од учество во дел од годишната добивка на Друштвото.

(3) Правата и обврските на членовите на Управниот одбор, покрај правата и обврските утврдени со закон, се уредуваат со договор склучен меѓу членовите на Управниот одбор и Друштвото. Во името на Друштвото, договорот со членовите на Управниот одбор го склучува Надзорниот одбор, а го потпишува претседателот на Надзорниот одбор.

Член 34

(1) Правата и обврските од работниот однос што ги стекнал член на Управниот одбор кој пред изборот е во работен однос во Друштвото, утврдени со договор за работа, му мируваат. Мирувањето започнува од денот на изборот на тоа лице.

Член 35

(1) Надзорниот одбор може во било кое време, со или без образложение да ги отповика сите членови на Управниот одбор или негов член и на истата седница Надзорниот одбор избира нови членови на Управниот одбор или нов член на местото на отповиканите членови или отповиканиот член.

(2) Членот на Управниот одбор може да поднесе оставка во кое било време со поднесување писмено известување до Надзорниот одбор.

(3) Потписот на членот на Управниот одбор на известувањето за оставка се заверува кај нотар.

(4) По поднесената оставка не се одлучува за нејзино прифаќање. Ако интересите на Друштвото го наложуваат тоа, Управниот одбор може да го обврзе членот што дал оставка да продолжи да ја врши функцијата, се до изборот на нов член, но не подолго од шеесет дена. Се смета дека мандатот на членот на Управниот одбор му престанал со денот на поднесување на известувањето за оставката, освен ако друг датум не е наведен во оставката.

Член 36

(1) Членовите на Управниот одбор без одобрение на Надзорниот одбор не смеат:

а) за своја или за туѓа сметка да вршат работи кои спаѓаат во предметот на работење на Друштвото,

б) да вршат друга дејност или активност во друго друштво, со ист или сличен предмет на работење, платена или неплатена за сопствена сметка или за сметка на друго лице, или

в) да биде член на Управен или Надзорен одбор или контролор во друго друштво кое има ист или сличен предмет на работење како и Друштвото.

(2) Пред изборот на физичко лице за член на управен одбор, кандидатот во писмена форма го известува Надзорниот одбор за сите свои дејности и активности во друго друштво.

Член 37

(1) Членовите на Управниот одбор најмалку еднаш во три месеца му поднесуваат на Надзорниот одбор пишан извештај за работењето на Друштвото, а по истекот на деловната година поднесуваат и годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на Друштвото.

(2) По барање на Надзорниот одбор, Управниот одбор составува посебен извештај за состојбата на Друштвото или за некое прашање од неговото работење.

Член 38

(1) Управниот одбор при подготвување и спроведување на одлуките на Собранието на Акционери, должен е:

а) на барање на Собранието на Акционери да ги подготви општите акти и одлуките чие што донесување е во надлежност на Собранието на Акционери;

б) да ги подготви договорите коишто можат да се склучат само со согласност на Собранието на Акционери;

в) да ги извршува одлуките коишто Собранието на Акционери ги донесува во рамките на неговата надлежност, и

г) да врши и други работи коишто со овој Статут ги има спрема Собранието на Акционери и што се во рамките на неговата надлежност.

(2) Управниот одбор во рамките на овластувањата утврдени со законот и овој Статут има најшироки овластувања за дејствување во сите околности во името на Друштвото, со исклучок на овластувањата што му се дадени на Надзорниот одбор и на Собранието на Акционери на Друштвото.

Член 39

(1) Управниот одбор одржува состанок кога тоа го налага извршувањето на работите во рамките на неговите надлежности.

(2) Секој член на Управниот одбор, со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од претседателот да свика состанок на Управниот одбор.

(3) Членовите на Управниот одбор можат да учествуваат и одлучуваат на состанок, организиран со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираниот состанок може да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг.

(4) Учеството на состанокот се запишува во записникот на Управниот одбор, кој го потпишуваат сите членови што учествувале на состанокот.

Член 40

(1) Управниот одбор може да одлучува и без одржување состанок ако сите членови на Управниот одбор, дадат согласност за одлуката којашто се донесува без одржување состанок.

(2) Одлуките донесени без одржување состанок влегуваат во сила со денот на давањето на согласност од страна на сите членови на Управниот одбор. Давањето согласност може да биде извршено со своерачен потпис или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлог - одлуката.

Член 41

(1) За работата на секој состанок на Управниот одбор, без разлика како е одржан се подготвува записник.

(2) Записникот мора да се изготви во рок од три дена од денот на одржувањето на состанокот, ако со закон не е поинаку определено.

(3) Записникот треба да содржи податоци за начинот на којшто работел Управниот одбор, времето и местото на одржување на состанокот, лицата кои присуствувале и дневниот ред, прашања кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање, вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале "ЗА" и "ПРОТИВ" одлуките усвоени на состанокот.

(4) Записникот го потпишуваат сите членови на Управниот одбор кои биле присутни на состанокот, како и претседателот на Управниот одбор.

НАДЗОРЕН ОДБОР

член 42

(1) Надзорниот одбор се состои од 3 члена избрани од Собранието на акционери.

(2) За член на Надзорен одбор може да бидат избрани само физички лица кои се деловно способни.

(3) Во одлуката донесена од страна на Собранието на Акционери на акционери со која се именуваат членовите на Надзорниот одбор и во одлуката донесена од страна на Надзорниот одбор на Друштвото со која се именуваат членовите на Управниот одбор се наведуваат сите податоци предвидени со закон кои се однесуваат на членовите на Надзорниот одбор и на Управниот одбор на Друштвото. Одлуките се запишуваат во Централниот регистар на Република Македонија.

Член 43

(1) Седниците ги свикува и претседава со нив, претседателот на Надзорниот одбор, кој е одговорен за водењето на евиденцијата за состаноците и организирањето на другите начини на работа и одлучување на Надзорниот одбор.

(2) Ако претседателот на Надзорниот одбор, од било кои причини, не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, повеќе од седум дена, со состаноците на Надзорниот одбор претседава член на Надзорниот одбор избран со мнозинство гласови на присутните членови на Надзорниот одбор.

Член 44

(1) Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши Управниот одбор.

(2) Надзорниот одбор може да врши увид и да ги проверува книгите и документите на друштвото како и имотот, особено благајната на друштвото и хартиите од вредност и стока.

(3) На Надзорниот одбор не можат да му се пренесуваат овластувања во врска со управувањето со друштвото.

(4) За прашања за кои Управниот одбор одлучува со претходно одобрение на Надзорниот одбор, по добиеното барање, Надзорниот одбор е должен да се произнесе без одлагање, а најдоцна во рок од седум дена. Ако Надзорниот одбор одбие да даде одобрение или не се произнесе во определениот рок, Управниот одбор може да бара одобрение од Собранието на Акционери. Одлуката со која Собранието на Акционери дава одобрение се донесува со мнозинство од две третини гласови од акциите со право на глас претставени на Собранието на Акционери.

Член 45

(1) Членовите на Надзорниот одбор се избираат за време од 4 години.

(2) Членовите на Надзорниот одбор можат повторно да бидат избрани, без разлика колку мандати претходно биле избрани.

(3) Собранието на Акционери ги избира членовите на Надзорниот одбор, на предлог на акционерите на Друштвото. При изборот на членовите на Надзорен одбор истовремено се назначува кои членови се избираат како независни членови на Надзорниот одбор.

(4) Независен член на Надзорниот одбор, може да биде физичко лице кое што лично или член на неговото потесно семејство:

а) во последните пет години немало материјален интерес или деловен однос со Друштвото, како деловен партнер, како член на Управен или Надзорен одбор, или како раководно лице,

б) во последните пет години нема примено или не прима дополнителни примања, освен плата од Друштвото,

в) нема блиски семејни врски со некој од членовите на органите на Управниот одбор, Надзорниот одбор, или од раководните лица на Друштвото,

г) не е акционер кој поседува повеќе од една десетина од акциите на Друштвото или не застапува акционер кој поседува повеќе од една десетина од акциите на Друштвото.

д) поседува стручни квалификации сродни со предметот на работењето на Друштвото.

(5) Член на Надзорен одбор во исто време не може да биде избран во повеќе од пет надзорни одбори на акционерски друштва со седиште во Република Македонија.

Член 46

(1) Собранието на Акционери на друштвото избира членови на Надзорниот одбор со мнозинство гласови од акциите со право на глас, претставени на Собранието на акционери.

(2) Најдоцна седум дена пред Собранието на Акционери да пристапи кон избор на членови на Надзорен одбор, за секој кандидат во писмена форма се објавуваат податоци за

Член 48

(1) Надзорниот одбор може да работи и да одлучува ако на состанокот има мнозинство од сите негови членови.

(2) Надзорниот одбор ги донесува одлуките со мнозинство гласови од кворумот потребен за негова работа.

(3) Гласот на претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство – на претседавачот кој е овластен од претседателот да го заменува, е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.

(4) Одлуките на Надзорниот одбор влегуваат во сила со денот на нивното донесување, ако со закон или со одлуката не е поинаку определено.

Член 49

(1) Членовите на Надзорниот одбор можат да учествуваат и одлучуваат на состанок, организиран со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираниот состанок може да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг.

(2) Учеството на состанокот се запишува во записникот на Надзорниот одбор, кој го потпишуваат сите членови што учествувале на состанокот.

Член 50

(1) Надзорниот одбор може да одлучува и без одржување состанок ако сите членови на Надзорниот одбор, дадат согласност за одлуката којашто се донесува без одржување состанок.

(2) Одлуките донесени без одржување состанок влегуваат во сила со денот на давањето на согласност од страна на сите членови на Надзорниот одбор. Давањето согласност може да биде извршено со своерачен потпис или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлог-одлуката.

Член 51

(1) За работата на секој состанок на Надзорниот одбор, без разлика како е одржан се подготвува записник.

(2) Записникот мора да се изготви во рок од три дена од денот на одржувањето на состанокот, ако со закон не е поинаку определено;

(3) Записникот треба да содржи податоци за начинот на којшто работел Надзорниот одбор (на состанок или на друг начин), времето и местото на одржување на состанокот, лицата кои присуствувале и дневниот ред, прашања кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање, вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале "ЗА" и "ПРОТИВ" одлуките усвоени на состанокот.

(4) Записникот го потпишуваат сите членови на Надзорниот одбор кои биле присутни на состанокот, како и претседателот на Надзорниот одбор.

Член 52

(1) Собранието на Акционери на Друштвото може да ги отповика сите членови на Надзорен одбор или член на Надзорниот одбор и пред истекот на времето за којшто биле избрани. За одлуката за отповикување е потребно мнозинство гласови од акциите со право на глас, преставени во Собранието на Акционери.

(2) Членот на Надзорниот одбор може да поднесе оставка во кое било време со поднесување писмено известување до органот што го избрал.

(3) Потписот на членот на Надзорниот одбор на известувањето за оставка се заверува кај нотар.

(4) По поднесената оставка не се одлучува за нејзино прифаќање. Ако интересите на Друштвото го наложуваат тоа, Надзорниот одбор може да го обврзе членот што дал оставка да продолжи да ја врши функцијата, се до изборот на нов член, но не подолго од шеесет дена. Се смета дека мандатот на членот на Надзорниот одбор му престанал со денот на поднесување на известувањето за оставката, освен ако друг датум не е наведен во известувањето.

Член 53

(1) Членовите на Надзорниот одбор одговараат солидарно за предизвикана штета на Друштвото заедно со членовите на Управниот одбор, ако при давањето на претходното одобрение не постапувале со внимание на уреден и совесен трговец.

Член 54

(1) Собранието на Акционери, со одлука, ги определува месечниот паушал или паушалот по состанок на членовите на надзорен одбор, кои имаат право и на надомест на сите други трошоци, право на осигурување на живот и на друг вид на осигурување како и други права поврзани со вршењето на нивната функција.

VII НОСЕЊЕ ОДЛУКИ ВО ДРУШТВОТО

Член 55

(1) Претседателот на Управниот одбор, може, самостојно и независно да одлучува за зделки, вклучувајќи, но неограничувајќи се на, склучување и потпишување на сите видови договори со трети лица, да го оптоварува друштвото (залог, хипотека, меница и сл.), да го задолжува Друштвото и слично, до максимален износ од 50.000 ЕВРА по трансакција.

(2) Управниот одбор самостојно одлучува за склучување на сите зделки, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на склучување и потпишување на сите видови договори со трети лица и може да го оптоварува Друштвото (залог, хипотека, меница и сл.) и задолжува Друштвото и слично, во вредност од 50.001 ЕВРА по трансакција до 1% од книговодствената вредност на имотот.

(3) За секоја зделка со вредност над 1% до 20% од книговодствената вредност на имотот, определена врз основа на последните финансиски извештаи на Друштвото одлучува Управниот одбор со претходно одобрение на Надзорниот одбор.

(4) Одлука за одобрување на зделка или меѓусебно поврзани зделки кои што се однесуваат на имот чијашто вредност е проценета над 20% до 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото, се донесува со согласност на сите членови на Надзорниот одбор, согласно одредбите за голема зделка од Законот за трговски друштва.

(5) Одлуката за одобрување на зделка или меѓусебно поврзани зделки кои што се однесуваат на имот чијашто вредност е проценета над 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото, ја носи Собранието на акционери, со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени на собранието, согласно одредбите за голема зделка од Законот за трговски друштва.

(6) Зделки од редовното работење на друштвото претставуваат сите зделки кои се однесуваат на купопродажба на електрична енергија, купопродажба на гас и купопродажба на топлинска енергија, вклучувајќи но не ограничувајќи се на договори, спогодби, меморандуми, согласности, дописи, изјави и слично, како и примање и давање банкарски гаранции или други форми на гаранции, хипотеки, залози, меници, изјави за давање својство на извршност на договори и слично, како обезбедување за овие зделки, без оглед на нивната вредност. За одобрување на зделките од редовно работење на друштвото се применуваат став 7 и став 8 од овој член.

(7) За одобрување на зделките од редовното работење на друштвото во висина до 5% од книговодствената вредност на друштвото, одлучува самостојно претседателот на Управен одбор. Претседателот на Управен одбор, може да одлучи определена зделка за која тој ќе заклучи дека е од особена важност за друштвото, а е во раките на неговата надлежност на одлучување согласно Статутот, да ја достави на одбрување на Надзорен и/или Управен одбор.

(8) За одобрување на зделките од редовно работење на друштвото во висина над 5% од книговодствената вредност на друштвото се применуваат останатите одредби од овој Статут и Законот за трговски друштва.

VIII. ОСНОВНА ГЛАВНИНА И АКЦИИ

Член 56

Висината на основната главнина на Друштвото изнесува 25.000 ЕВРА, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Македонија, на денот на поднесувањето на пријавата за упис на основањето на Друштвото во трговскиот регистар.

Член 57

(1) Основната главнина е поделена на 250 (со зборови: двесте и педесет) обични акции со право на глас кои се запишани во книгата на акции која што се води во Централниот депозитар за хартии од вредност во електронска форма.

(2) Номиналната вредност на секоја акција во Друштвото изнесува 100 ЕВРА во денарска противвредност.

(3) Секоја акција дава право на еден глас во Собранието на Акционери на Друштвото.

Член 58

Обичните акции им ги даваат следниве права на сопствениците, сразмерно на бројот на нивните акции:

- право на глас во Собранието на Акционери на Друштвото,
- право на исплата на дел од добивката (дивиденда) на Друштвото,
- право на исплата на дел од остатокот на ликвидационата или стечајната маса на Друштвото.

Член 59

(1) Друштвото издава обични акции, а може да издава и други акции со различни права.

(2) Акциите што даваат исти права сочинуваат ист род акции.

(3) Друштвото може да издава и други хартии од вредност.

Член 60

(1) Акциите се издаваат, се пренесуваат и се водат во форма на електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија.

(2) Акциите спрема Друштвото се неделиви.

Член 61

(1) Секоја акција која дава право на глас дава право на еден глас во Собранието на Акционери на Друштвото.

(2) Секоја обична акција дава право на глас во Собранието на Акционери.

Член 62

Одлука за издавање акции донесува Собранието на Акционери со мнозинство од две третини гласови од акциите со право на глас претставени на Собранието на Акционери.

IX. ЗАСТАПУВАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО

Член 63

(1) Друштвото, во односите со трети лица го застапува претседателот на Управниот одбор.

X. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА И ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА

Член 64

(1) Собранието на Акционери на Друштвото одлучува за распоредување на добивката.

(2) Во одлуката за употреба на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката, а особено се наведуваат:

а) износот на добивката за покривање на загубата од минати години (доколку таква има);

б) износите коишто се внесуваат во законските и во статутарните резерви на Друштвото;

в) износот којшто се исплатува во вид на дивиденда;

г) евентуалниот пренос на добивката во наредната година (акумулирана добивка);

д) дополнителните издатоци врз основа на одлуката;

ѓ) износот на добивката со којшто ќе се изврши зголемување на основната главнина на Друштвото и износот од добивката за инвестиции.

Член 65

(1) Собранието на Акционери на Друштвото одлучува за покривање на загубата.

(2) Покривањето на загубите се врши редоследно од следните извори кои се наведуваат во одлуката за покривање на загубата и тоа:

а) акумулирана добивка;

б) на товар на задолжителната општа резерва;

в) на товар на посебните резерви за покривање загуби;

г) премии; и

г) на товар на основната главнина, со нејзино намалување.

Член 66

(1) Друштвото има задолжителна општа резерва како општ резервен фонд кој е формиран по пат на зафаќање од нето добивката која не може да биде помала од 5% од добивката, се додека резервите на Друштвото не достигнат износ којшто е еднаков на една десетина од основната главнина на Друштвото.

(2) Додека општата резерва не го надмине определениот најмал износ, може да се употребува само за покривање на загубите.

Член 67

(1) По одобрување на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдувањето на постоењето добивка за распределба, Собранието на Акционери го определува делот којшто се доделува на акционерите во форма на дивиденда. Начините на плаќањето на дивиденда ги утврдува Собранието на Акционери на Друштвото.

(2) Дивидендата се исплатува најдоцна во рок од девет месеци по завршувањето на деловната година.

Член 68

(1) Управниот одбор може во текот на деловната година да им исплати на акционерите аванс на име дивиденда, под услови утврдени со закон.

(2) Акционерот може, за дел од дивидендата што е ставена на распределба или од авансите од дивидендата, да ја добие дивидендата или авансот од дивидендата во пари или во акции. Понудата за плаќање на дивидендата или на авансите од дивидендата во акции мора да биде направена во исто време на сите акционери.

XI. ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ

Член 69

(1) Статутот се менува со одлука за измена на статутот.

(2) Постапка за измена на статутот може да покренат Управниот одбор, Надзорниот одбор, како и акционерите кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акции со право на глас. Иницијативата во форма на амандман се доставува до Управниот одбор, а кога за тоа е овластен со закон и до Надзорниот одбор.

(3) Предлог - одлуката за измена на статутот, во која што се наведени предложените измени, без разлика кој ја дал иницијативата, ја утврдува Управниот одбор, а кога за тоа е овластен со закон и Надзорниот одбор. Утврдениот предлог на одлука за измена на статутот мора да биде детално образложен.

Член 70

(1) Одлуката за измена на статутот ја донесува Собранието на Акционери.

(2) Одлуката за измена на статутот се усвојува со мнозинство гласови од вкупниот број акции со право на глас издадени од Друштвото.

(3) Собранието на Акционери со одлука за измена на статутот, го овластува Надзорниот одбор да подготви пречистен текст на статутот во кој што се внесуваат измените извршени со одлуката за измена на статутот, како и одредбите од одлуките кои имаат карактер на одлука за измена на статут.

XII. ИЗВЕСТУВАЊЕ ВО АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО И ОБЈАВУВАЊЕ

Член 71

Органите на Друштвото во рамките на своите надлежности, се известуваат меѓу себе за преземањето на активностите и за резултатите од тие активности во поглед на развојната и деловната политика, тековното остварување и деловните резултати на Друштвото.

Член 72

(1) На секој акционер мора да му се обезбеди право на увид во актите и другите документи на Друштвото што според законот за трговските друштва мора да се чуваат, во седиштето на Друштвото, со непосреден увид.

(2) Правото на информирање за записниците и одлуките од состаноците на Управниот одбор, акционерите го остваруваат преку Надзорниот одбор.

Член 73

(1) Управниот одбор го определува начинот на објавувањето на податоците и извештаите кои мораат да бидат објавени во гласило на Друштвото, во дневен весник, интернет или на друг начин и ги утврдува податоците и извештаите кои се објавуваат, а се значајни за акционерите и Друштвото.

XIII. АКТИ НА ДРУШТВОТО

Член 74

(1) Управниот одбор во рамките на својата надлежност донесува правилници како и одлуки со кои се регулираат одделни ситуации што имаат општо значење.

(2) Правилата за сопственото работење, согласно законот и овој Статут, Собранието на Акционери на Друштвото, Надзорниот одбор и Управниот одбор можат да ги уредат со деловник.

Член 75

(1) Управниот одбор ги донесува актите на начин на кој овој орган одлучува согласно законот и одредбите на овој Статут. Измените и дополнувањата на актите на Друштвото се вршат на начин и во постапка што е пропишана за нивното донесување.

(2) Управниот одбор може во деловникот за своето работење, согласно законот и одредбите на овој Статут, да утврди дополнителни одредби во поглед на донесувањето на актите.

Член 76

(1) Актите на Друштвото влегуваат во сила со денот на донесувањето, освен ако со закон не е поинаку определено.

Член 77

(1) Поединечните акти на Друштвото ги донесуваат органите на друштвото, како и лицата со раководни функции во Друштвото.

(2) Поединечните акти мора да бидат во согласност со законот и Статутот, како и со актите што ги донесува Управниот одбор.

XIV. ПРЕСТАНОК НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО

Член 78

(1) Друштвото престанува со:

а) одлука на Собранието на Акционери за престанување на Друштвото донесена со мнозинство гласови од две третини од акциите со право на глас претставени на Собранието на Акционери;

б) правосилна одлука на судот со која се утврдува ништовност на Друштвото и на уписот на друштвото во трговскиот регистар;

в) присоединување, со спојување или со поделба на Друштвото со раздвојување со основање и со раздвојување со преземање, и

г) стечај.

(2) Управниот одбор или друго физичко лице овластено од Собранието на Акционери коешто ја донело одлуката за престанување на Друштвото, поднесува пријава заради упис во трговскиот регистар на одлуката за престанување на Друштвото.

XV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 79

Овој Статут произведува правно дејство со денот на неговото потпишување.

Бр. 0101-54/3

Од 19.07.2023 година

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАДЗОРЕН ОДБОР

на ТЕ-ТО АД Скопје

Г-дин Вадим Окопухин